# СТАТИИ

*Х. Андонов-Полјански*

## ГЕОРГИ ДИМИТРОВ ЗА ЈУГОСЛАВИЈА

Георги Димитров (1882—1949) — истакнатиот водач на бугарското и на меѓународното работничко движење, чиј цел живот бил исполнет за доброто на работничката класа и кој секогаш се наоѓа во челните предводнички редови во борбата на пролетаријатот, пројавувал мошне жив интерес за Југославија и за југословенските народи. Тој настојчиво се заложувал односите помеѓу бугарскиот народ и нашите народи да станат поприсни и подружељубиви, да се развие братството и единството помеѓу нив. Овој мошне евидентен интерес на „Дедото" (прекарот на Димитров во пролетерските средини), за нашата земја и за нашите народи, го регистрираме во сите фази на неговиот бележлив животен пат, во еден временски период од близу четири децении, т. е. од 1909 година, кога тој станал член на Централниот комитет на револуционерното марксистичко крило на бугарската социјал-демократска партија (тесни социјалисти) па се до неговата смрт, во 1949 година. Неговиот интерес се протегал на еден значителен број од прашања поврзани со развитокот на нашите народи, односно со развитокот на балканските народи. Тоа се бројни аспекти од развитокот на македонското национално-револуционерно движење, македонското прашање, развитокот на работничкото движење на Балканот, народноослободителното движење на народите на Југославија — за да достигне врвна кулминација во мошне рељефното акцентирање на заклучоците од бледската спогодба.

Уште во времето кога Димитров бил поинтензивно заангажиран во бугарското синдикално движење, тој се осврнувал и врз положбата во нашите земји, поконкретно за приликите во Македонија. Така, во брошурата: „Синдикалното движење во Бугарија", што ја објавил во Софија во 1910 година, тој обрнал посебно внимание врз развитокот на капитализмот и процесот во пролетаризирањето на ситно-сопственички маси. Димитров при тоа го акцентирал приливот од селата на бројни пролетаризирани маси во редовите на работничката класа. Бидејќи во тоа време, т. е. во време на Младотурската револуција, не престанал бранот на емигрирањето од Македонија, Димитров со право наведува дека и од Македонија навлегувале во Бугарија постојано големи пролетаризирани маси.

Кога во 1911 и 1912 година балканските монархии се готвеле за војна со Турција а со основна и главна цел да ја распарчат Македонија, Димитров

смело и енергично ги раскринкал нивните завојувачки апетити, особено завојувачките намери на бугарската буржоазија. Така, тој близу еден месец пред избувнувањето на балканската војна, ја објавил статијата: „Зборот на пролетаријатот", во „Работнически вестник" од 9 септември 1912 година. Во оваа статија Димитров го разработува односот на бугарската буржоазија спрема Македонија. Тој вели дека бугарската буржоазија следела спрема Македонија една чисто егоистична сметка, со цел да ја оправда својата луда националистичка и династичка политика. Суштината на оваа завојувачка политика Димитров ја објаснува со следниве зборови: „Зошто кому не е познато дека нашата буржоазија, која од триесет години наваму не претстанува да се прчи со своите „национални идеали и историски задачи", всушност го сака националното обединување на бугарскиот народ и ослободувањето на македонскиот роб толку, колку што тоа можат да го сакаат рускиот цар Никола или австриskиот император Франц Јосиф." Од тоа Димитров извлекува заклучок дека буржоазијата и монархизмот во Бугарија се стремеле за завладување или за поделба на Македонија. Со тоа бугарската буржоазија водела една чисто авантуристичка политика, задоволување на сопствените егоистични интереси. Наведувајќи ги целите на буржоазијата Димитров наведува дека само пролетаријатот се јавувал како вистински воин за националното обединување и ослободување на балканските народи. Решението се наоѓало во создавање на една балканска федеративна република, во постигање слобода за сите народи. Затоа Димитров со една смела и еклатантна решеност се определил против војната, против поделбата на Македонија.

Доследен на своите становишта, што ги прокламирал пред избувнувањето на војната, Димитров можел по завршувањето на Првата балканска војна само да ги потврди своите заклучоци. Така, во статијата „Балканската војна и работничкото движење", објавена во „Реботнически вестник" на 1 мај 1913 година, Димитров ги наведува последиците од војната. Тој истакнува дека војната ги претворила „во пепелишта и развалини ред цветни области во Тракија и Македонија." А поделбата на овие земји претставувала крвава катастрофа за балканските земји. Особено била влошена положбата на работничката класа. Затоа Димитров го прокламирал повикот за борба против монархизмот и капитализмот, против војната, а за моќно засилување на балканската социјалдемократија.

Како противник на војната Димитров особено се пројавил во време на Првата светска империјалистичка војна. Тој, доследно ги спроведувал решенијата на Базелскиот конгрес на II Интернационала од ноември 1912 година, придржувајќи се при тоа на единствено правичниот став, што го зазеле по ова прашање Болшевичката партија, бугарските тесни социјалисти и српските социјалдемократи. Во бројни статии од тоа време Димитров отворено истапувал против војната и ги разобличувал завојувачките намери на војувачките земји. Особено при ова тој ги разобличувал мерките што бугарските окупациони војски ги преземале во окупираните краишта на Македонија и Србија. Така, тој во една реч пред Народното собрание, одржана на 11 март 1916 година го критикувал ставот на бугарската влада да не им додели помош на настраданите од војната семејства. Тој, особено се заложувал и апелирал и овие семејства да добијат државна помош, бидејќи биле окупирани од бугарската армија.

Последиците од големата војна Димитров често ги анализирал. Тој подвлекувал дека оваа војна ја санкционисала делбата и поробувањето на Македонија. При ова Димитров не пропуштал да го нагласи големото влијание на Октомврискатa револуција врз Балканот. Во неколку статии тој го подвлекол силното влијание на Големата социјалистичка револуција за революционизирање на ситуацијата и на Балканот. Тоа се одразило врз движењето против војната, растежот на револуционерното движење на балканските фронтови и врз подемот на работничкото и селското движење, со засилено активирање на социјалдемократските партии.

По Првата светска војна Димитров со особено внимание ги следел сите политички настани на Балканот, развојот на работничкото движење и создавањето на комунистичките партии. Во еден говор од 25 февруари 1923 година тој ја изложил на подробна анализа ситуацијата на Балканот, потенцирајќи ги нерешените горешти прашања, кои ги разбранувале работните маси. Тој говорел и за положбата во Македонија. При тоа го наведува обрнувањето на еден дел од македониската емиграција пред Друштвото на народите, каде што барале опора. За ова тој вели: „Од лигата на империјалистичките волци слобода и независност на Македонија не може да се очекува. Уште помалку од балканските буржоазии." Одговорот на ова, според Димитров ‚лежел во „независни революционерни движења внатре во самите поробени земји". Опората требало да се бара кај работните маси и во рамките на балканската федерација.

По септемврискoто востание од 1923 година, во кое стоел на чело на револуционерен комитет, Димитров емигрирал и во емиграција се заангажирал во објаснување на неуспехот на востанието, со посебно акцентирање на последиците од него за натамошниот развиток на Бугарија, а исто така и за развитокот на ситуацијата во другите балкански земји. Интересно е да се одбележи дека Димитров во 1924 и 1925 година се зафатил со разјаснување на последиците од ова востание и реперкусиите негови врз македонското национално-револуционерно движење. Во статијата: „Положението во Бугарија", што ја објавил во „Internacionale presse corespondence" на 23 мај 1924 година, Димитров посебно говори за дејноста на македонските емигрантски организации во Бугарија. Тој вели дека извесен дел од овие организации биле ползувани од бугарската буржоазија во широк маштаб и тоа против Стамболиски и за задушување на Септемврискoто востание, Но, од друга страна Димитров вели дека септемврисkите настани им ги отвориле очите на македонската емиграција да не бидат орудие на бугарската буржоазија, да се ориентираат кон самостојна револуционерна борба, за национална слобода и независност. Сличново ова прашање Димитров пообразложено го разјаснил во статијата: „Бугарската влада и македонското движење", објавена во истото списание, на 30 септмеври 1924 година. Во овао статија тој се осврнува на убиствата на македонските револуционери и вели дека нивни поттикнувач била фашистичката влада на Цанков, која со тоа целела да ја разбие независноста на македонската револуционерна организација. Димитров нагласува дека и покрај обединувањето на свесните македонски сили во ВМРО (Обединета) не можело да се сопре дејноста на Цанков против македонското движење. Но, и покрај тој силен притисок на фашистичките сили, Димитров вели дека, „македонското национално революционерно движење ќе најде во

себе достатно сили, за да се ослободи засекогаш од лошото мешање на бугарската буржоазија во неговите работи". На сличен начин Димитров го разгледувал и односот на Земјоделскиот сојуз кон македонското движење, во една статија објавена во „Крестјанскиј Интернационал" за 1925 година. Димитров вели дека овој сојуз непријателски се однесувал кон македонското движење. Земјоделците на ова движење му објавиле војна и ги преследувале македонските дејци. Со таквиот свој став земјоделците ја изгубиле македонската емиграција, а тоа го ползувала буржоазијата за уривање на Стамболиски.

Во склопот на општите настани на Балканот Димитров го вклучувал и професионалното движење. Со набележување на аспектите од развојот на работничкото движење во одделни балкански земји. При ова тој ги акцентирал заклучоците на седмата конференција на балканската комунистичка федерација од јули 1924 година. Оваа конференција ја подложила на сестрана анализа положбата на Балканот, со установување на опасноста од нова војна; созревање на елементите за масовни работнички и селски востанија; положбата во Македонија и аспирациите кон неа. Според заклучоците на Димитров ,наведени во статијата: „Положбата на Балканот", објавена во „Комунистички Интернационал" за 1925 година, решението лежело во обединување на Балканот во рамките на федерацијата на балканските народи. Со слична теза Димитров излегува и во статијата: „Антиболшевички единствен фронт на Балканот", објавена во „Internacionale presse corespondence" за 1925 година. Во оваа статија Димитров го разобличува создавањето на фронтот од страна на реакцијата, што бил насочен против работничките и селските маси на поробените нации во балканските земји. Според Димитров стремежот на масите бил сосем поинаков. А имено да се создаде единствен фронт на самите балкански народи, револуционерен единствен фронт на работничките и селските маси на Балканот против балканската буржоазија, за создавање на работничко-селски републики и нивно обединување во балканска федерација. При ова Димитров повторно ги акцентирал клучните проблеми поврзани со национално-револуционерните движења и односот кон нив на балканските комунистички партии. Тоа тој го образуложува во статијата: „Националнореволуционерното движење на Балканот и задачите на балканските комунистички партии", објавена во „Комунистички Интернационал", за 1928 година. Во оваа статија Димитров говори за односот на комунистичките и социјалдемократските партии на Балканот кон националното прашање, посебно кон македонското прашање. Покрај тоа тој прави интересни забележувања во врска со заедничките моменти од борбата на Македонците во Егејска Македонија и на грчките колонисти против буржоаските грчки господаречки кругови и вели дека: „Грчката буржоазија се мами горко, кога мисли, дека успеала преку грчката колонизација на својот дел од Македонија да го слее засекогаш со Грција." На ист начин Димитров го критикува и ставот на грчките троцкисти на чело со Пелуопулос, според кој националното прашање во Македонија било ликвидирано од грчката буржоазија, преку спроведување на грчката колонизација. Затоа, според него, била беспредметна секоја борба за национално самоопределување на македонскиот народ. Ова становиште Димитров го смета само како поткрепа и оправдување на насилната денационализаторска и колонизаторска политика на грчката буржоазија.

Покрај вниманието што го имал кон развитокот на работничкото движење на Балканот во целост, Димитров пројавувал посебен интерес за развојот на ова движење и во поодделни балкански земји. Таков интерес Димитров имал и за развојот на работничкото движење во Југославија. Особена заинтересираност за ова тој пројавил по Лајпцишкиот процес, на кој тој излегол победник, како обвинител на фашизмот. По ова тој станал генерален секретар на Коминтерната и го следел со уште поголемо внимание развојот на работничкото движење во балканските земји. Треба да се подвлече дека Димитрив бил мошне заинтересиран за приликите во Комунистичката партија на Југославија, која пред доаѓањето на другарот Тито за генерален секретар во 1937 година, била зафатена со фракциски борби. За нејзина консолидација работел другарот Тито и при тоа тој ја имал поддршката на Димитров. Во еден разговор со редакцијата на „Комунист" од 11 април 1959 година другарот Тито, го наведува своето неколкукратно патување во Москва во 1938 година и неговите средби таму со Димитров. Тито тогаш настојувал Централниот комитет да биде во земјата, а не во Париз. Со ова се согласил Димитров и тогаш му рекол: „Остана само ти, Валтер (псевдоним на др. Тито), и ти треба да одиш во земјата. Среќа е твоја, а и за Партијата, што сепак ти си останал, бидејќи инаку веќе стана збор за тоа КПЈ да се распушти."

Уште поголем интерес за Југославија Димитров имал во време на Народноослободителната борба на југословенските народи. Оваа Народна револуција Димитров ја следел со големо внимание и често пати ја истакнувал за пример херојската борба на југословенските народи. Во статијата: „Каде оди Бугарија", што ја објавил во московска „Правда" на 16 септември 1943 година, Димитров говори за окупацијата на Македонија од бугарската војска и тенденциите на бугарските фашистички власти да ја затврдат својата окупаторска власт во окупираните југословенски краишта. Тој вели дека Бугарија со добивањето на Македонија сама ја изгубила својата независност. Зашто со „растечкото востаничко движење во Македонија народот гори од одмазда не само против хитлеровските завојувачи, туку и против нивните бугарски соучесници". Понатаму во истата статија тој говори дека претворањето на Бугарија во орудие на Германија против Советскиот сојуз и предавништвото спрема Југославија, спрема словенските браќа на бугарскиот народ на Балканот спрема Македонците, Србите, Црногорците, Хрватите, Словенците -- беше најтежок престап. Истово ова тој го третира и во статијата: „Кризата во Бугарија", објавена во „Правда" на 27 декември 1943 година. Тука одново се осврнува на бугарската окупација на дел од Југославија и дека „бугарскиот окупационен корпус заедно со германските орди учествувал во воените дејствија против народноослободителната армија на Југославија, призната од Советскиот сојуз, од Англија и од Америка, како сојузна армија." Во оваа статија Димитров ги повикува сите патриоти за братско спогодување и заедничка борба со нова, демократска и федеративна Југославија против германските завојувачи. Истово ова тој го третира и во уводниот дел на брошурата: „Спасителниот пат на Бугарија", објавена во 1944 година. Тука тој повторно наведува дека југословенската народноослободителна армија успешно ја ослободува својата земја од окупаторите. А кога ја истакнувал новосоздадената ситуација во Бугарија со формирањето на владата на Багрјанов тој нагласил дека: „Ако бугарските управници мислеа

за спасот на земјата, тие не би праќале војски против југословенската народноослободителна армија и би го истеглиле од Југославија бугарскиот окупационен корпус и би установиле пријателски односи со нова, демократска федеративна Југославија." Но, најрељефно величината на НОБ на народите на Југославија, Димитров ја определил во една реч до младината, на 7 декември 1945 година. Тогаш, тој рекол дека настаните во Југославија се развиваа по друг начин, не како во Бугарија. Југославија не беше сателит на Германија. Од почетокот до крајот Југославија остана противник на Германците. И понатаму, дословно Димитров вака образложува: „Во Југославија дури од самиот почеток, во најкритичниот момент за Советскиот сојуз и за слободољубивите народи, беше подигнато знамето на партизанската војна. Југословените се бореа упорно, дадоа многу жртви, вовлекоа голем дел од народот, особено младината, под раководството на комунистите создадоа своја армија." Меѓутоа, „Кај нас — вели натаму Димитров — партизанското движење се јави доцна, тоа не зеде такви размери како во Југославија и ние не можевме да создадеме партизанска армија. Во продолжителната ослободителна војна во Југославија се искалија и воспитаа во борчески дух огромен број работници, селани, интелигенција, особено младинци. Ние немавме — продолжува Димитров — такво партизанско движење и толку време, за да ги постигмене истите резултати во тој однос." А на крајот тој вели: „Југословените се понапред од нас. Ние треба да ги достигнеме. Со народната република тие исто така не испреварија."

По ослободувањето на Југославија и создавањето на отечествено-фронтовска Бугарија, чие формирање беше стриктно поврзано со името на Георги Димитров, започна нова ера во братските односи помеѓу бугарскиот народ и југословенските народи. За јакнењето и проширувањето на братството и единството помеѓу нив не малку пати се заложувал самиот Димитров, а сега уште повеќе го потенцирал настојувањето братските односи да стануваат поприсни и поблиски. Тој, често пати ја наведувал за позитивен пример победата на Народната револуција во Југославија, создавањето на нова Федеративна Југославија, заедница на рамноправни народи. Во статијата: „Кон сенародна победа", објавена во „Работническо дело" на 16 ноември 1945 година, тој со следниве зборови ја одбележал победата на народниот фронт во Југославија: „Особено голем успех е постигнат од народниот фронт на Југославија. Повеќе од 90 на сто од избирачите гласаа за народниот фронт." По ова тој нагласува дека „Нашата надворешна политика е политика на најблиски братски односи со нова федеративна Југославија." Во склопот на новосоздадената ситуација Димитров ги разгледувал и рецидивите што се појавиле во бугарското општество по однос на Македонија. Во едно писмо до Централниот комитет на Бугарската работничка партија (комунисти) од 18 септември 1944 година тој пишувал: „Без немилосрдното уништување на бугарскиот шовинизам, на таа рак-рана на живото тело на нашата земја, не е возможна изградбата на преродена нова Бугарија. Потребно е напоредно со оневозмужувањето на штетната работа од носителите на таа смртоносна зараза да се спроведе и огромна идеолошка работа, којашто на народот и на неговата интелегенција ќе му ги разјасни работите, така да не остане ни спомен од великобугарската идеологија и авантуристичка политика." Токму во ова се гледа величината на Димитров како вистински државник и водач.

Тој, со една длабока проницливост го анализирал историскиот пат во развитокот на Балканот и ги одредил натамошните идни насоки во развитокот на нова Бугарија, посебно нејзините односи со нова Југославија, а поконкретно нејзиниот однос спрема Македонија. За овие поуки на Димитров другарот Лазар Колишевски на Петтиот конгрес на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Македонија, одржан од 5 до 7 октомври 1960 година, рекол: „Величината на покојниот Димитров е и во тоа што тој сфати какво значење има остварувањето на националните права на македонскиот народ не само за Македонците, туку пред се за ослободувањето на бугарскиот народ од притисокот на големобугарскиот шовинизам и за развивање воопшто на новите односи на Балканот." Овој свој однос кон Македонија Димитров често го нагласува во бројните свои истапувања. Така во еден говор пред Народното собрание, одржан на 25 декември 1945 година тој рекол дека Македонија треба засекогаш да престане да биде јаболко на раздор на Балканот. Тој, при ова се заложувал да се развијат што повеќе братските односи со Нова Југославија. Нагласувајќи го тоа тој рекол: „Не поделба на Македонија, не борба за нејзино завладување а почитување на волјата на Македонците, чиј основен дел доби своја национална слобода и национална рамноправност во рамките на Југословенската федеративна народна република."

Овој братски однос кон Југославија и нејзините народи Димитров често пати го изразувал и за време на патувањето по Југославија, на пат за потпишување на Бледската спогодба. Така, за време на пристигањето на љубљанската станица на 30 јули 1947 година, тој рекол: „Ние видовме како од рушевините на последната војна како феникс од пепелиштата се издига еден нов свет, една нова држава, еден нов човек-човек на трудот, на прогресот, човекот — творец на идната среќа на народите." А засегнувајќи го братството и единството на југословенските народи, тој рекол: „Ние видовме како се изградува не на зборови а на дело вечното братство меѓу народите на нова Југославија."

Бледската спогодба претставува кулминација во поставувањето солидни основи на братските односи помеѓу бугарскиот народ и југословенските народи. Во говорот по потпишувањето на спогодбата, на 1 август 1947 година, Димитров рекол: „Конференцијата направи основа на нова ера во заемните односи помеѓу бугарскиот народ и народите на Југославија." При ова, одново тој го потенцирал братството и единството на југословенските народи. Тој рекол: „Најголемото и најважното достигање во Југославија е братството и обединувањето помеѓу Срби, Хрвати, Словенци, Македонци и Црногорци. За тоа големо дело има голема историска заслуга Комунистичката партија на Југославија и нашиот пријател и другар Маршал Тито."

Позитивните решенија постигнати на Блед Димитров често ги нагласувал, како залог во развивањето на натамошните братски врски помеѓу Бугарија и Југославија, со што се открила една нова страница на пријателството и дружбата помеѓу бугарскиот народ и југословенските народи. Воведувањето во дело на бледските решенија и настојувањето да се оствари братството и единството помеѓу бугарскиот народ и југословенските народи Димитров го поставувал како актуелна задача во името на среќата и благоденствието на братските соседни народи. Од тоа свое становиште Димитров не отстапувал

ни во времето на Информбирото, туку и натаму се заложувал за јакнење и проширување на тие односи. Имено во тоа и се состои крупната величина на Димитров, кој умеел да ги согледа патиштата на прогресот, по кои треба да се одвива братството и единството помеѓу бугарскиот народ и народите на Југославија. Уште повеќе, со својата богата политичка активност тој дал вистинско марксистичко толкување на ред историски појави од првата половина на нашиот век, со што дал ценет придонес и кон историската наука

*М. Айосшолски*

## НЕКОИ МОМЕНТИ ОД ОРГАНИЗАЦИЈАТА НА САНИТЕТСКАТА СЛУЖБА ПРИ ОСЛОБОДУВАЊЕТО НА МАКЕДОНИЈА

Намерата ми е во куси црти, задржувајќи се само на најсуштествените моменти да ја изнесам организацијата на санитетската служба во периодот на завршните операции за ослободување на Македонија. При тоа напоменувам, дека ползував само мал број документи, и не навлегував во бројните детали и ред проблеми од оваа област. Тоа оставам да го обработат или лекари што се занимаваат со историјата на медицината или пак со заеднички труд историчарите и лакарите.

Овој проблем е многу интересен како дел од историјата на нашиот народ во време на конечното ослободување, а едновремено и како аспект од развитокот на задравствената култура на Македонија. Согледувајќи го големото значење на овој проблем од повеќе аспекти, тука ќе се потрудам во најкуси црти да ги изнесам оперативните услови, во кои се развивале операциите за конечното ослободување на Македонија и основните поставки за развојот на санитетската служба, кои во основа беа опфатени во компетенцијата на оперативните командувања. Строго стручната страна останува да се обработи, како што порано рековме, од страна на медецинските стручњаци.

Во ова излагање ќе ја изнесеме само организационата страна на проблемот, делумно преработен и дополнет во излагањето на 5 јуни 1965 година, прочитан на 14. научен состанок на научното друштво за историја на здравствената култура. При обработката на овој проблем ми помогна другарот д-р Димче Мијовски, на кого што и на ова место посебно му се заблагодарувам.

Завршните операции за ослободување на Македонија се развиваат во еден подолг период, којшто почнува од јули 1944 година и се завршува при крајот на ноември истата година. Меѓутоа, овој временски период говори само за траењето на вооружените борби, т. е. на воените операции, додека за организацијата и работата на санитетската служба овој период е многу подолг, зашто по ослободувањето на Македонија од фашистичката окупација, требаше да се отклонат последиците од долготрајните борби, а едновремено и да се отклонат и последиците од четиригодишната окупација. Со други зборови, требаше да се организира лекувањето на големиот број ранети и